**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
ДО
СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА
КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Скопје ("Друштвото"), кои што го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31. Декември 2008 година, како и билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорноста на менаџментот за финансиските извештаи*

Менаџментот на Друштвото е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

*Одговорноста на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Друштво за ревизија, сметководство - финансиски и консултантски услуги
Македонски ревизорски центар ДОО- Скопје
Мито Хаџивасилев-Јасмин 20, 1000 Скопје, Република Македонија;
Тел./Фах: ++ 389 02 3214 706; 3214 707 Web: http://www.mrc.com.mk E-mail: info@mrc.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)**
**ДО**
**СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА**
**КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Скопје**

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Скопје заклучно со 31. Декември 2008 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија.

Скопје, 22.Април 2009 година

| **Овластен ревизор** | **Управител** |
|---|---|
| Гоце Христов | Антонио Велјанов |

Друштво за ревизија, сметководство - финансиски и консалтинг услуги
МАКЕДОНСКИ РЕВИЗОРСКИ ЦЕНТАР
МРЦ
ДОО
СКОПЈЕ

**КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Скопје**
**БИЛАНС НА УСПЕХ за годината која завршува на 31.Декември**

| | Белешка | 2008 Ден.000 | 2007 Ден.000 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од осигурување | 8 | 90,355 | 48,978 |
| Приходи од Организационен фонд | 20 | 13,308 | 10,897 |
| Приходи од вложувања | 9 | 8,420 | 6,513 |
| Останати оперативни приходи | | - | - |
| **Вкупно приходи** | | **112,083** | **66,388** |
| **Расходи** | | | |
| Промени во математичка резерва | 21 | (50,306) | (32,549) |
| Исплатени штети | 10 | (5,540) | (2,982) |
| Резервирања за штети, нето | | 227 | (449) |
| Останати расходи од осигурување | | - | - |
| Останати оперативни расходи | 11 | (54,015) | (26,417) |
| Расходи од финансирање | 12 | (161) | (353) |
| **Вкупно расходи** | | **(109,795)** | **(62,750)** |
| **Добивка пред оданочување** | | **2,288** | **3,638** |
| Данок од добивка | 13 | (440) | (167) |
| **Нето добивка (загуба) за периодот** | | **1,848** | **3,471** |

Одборот на Директори на Кроациа Осигурување АД - Скопје ги одобрил овие финансиски извештаи за објавување и му ги предложил на Собранието на акционери заради нивно усвојување, а во нивно име ги потпишал:

**Извршен Директор**
**Владимир Поповски**

| | Белешка | 2008 Ден.000 | 2007 Ден.000 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства | 14 | 6,201 | 14,425 |
| Депозити во банки | 15 | 92,946 | 35,182 |
| Вложувања кои се чуваат до доспевање: | 16 | | |
| Државни записи | | 106,004 | 63,381 |
| Државни обврзници | | 98,663 | 10,057 |
| Останати тековни средства | | 2,025 | 822 |
| Опрема | 17 | 2,595 | 3,781 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **308,434** | **127,648** |
| **ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | | | |
| **Обврски** | | | |
| Обврски по основ на надомест на штети | | 58 | 60 |
| Останати тековни обврски | 18 | 2,462 | 4,355 |
| Обврски за финансиски лизинг | 19 | 978 | 1,154 |
| Одложени приходи (организационен фонд) | 20 | 79 | 6,964 |
| Преносни премии | 8 | 1,288 | 406 |
| Резервации за штети | | 385 | 612 |
| Математичка резерва | 21 | 112,115 | 61,809 |
| **Вкупно обврски** | | **117,365** | **75,360** |
| **Капитал** | | | |
| Акционерски капитал | 22 | 184,132 | 45,975 |
| Резерви | | 5,089 | 2,842 |
| Акумулирана добивка (загуба) | | - | - |
| Добивка (загуба) за финансиска година | | 1,848 | 3,471 |
| **Вкупно капитал** | | **191,069** | **52,288** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | | **308,434** | **127,648** |

| | Белешка | 2008<br>Ден.000 | 2007<br>Ден.000 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативно работење** | | | |
| Приливи од осигурениците | 8 | 92,352 | 49,148 |
| Исплати на осигурениците | 10 | (5,542) | (2,982) |
| Исплати за вработените | 11 | (14,750) | (9,416) |
| Исплати за останати расходи од работење | 11 | (41,788) | (19,124) |
| Платен данок на добивка | | (494) | (167) |
| **Нето парични текови од оперативно работење** | | **29,778** | **17,459** |
| **Парични текови од инвестиционо работење** | | | |
| Нето прилив (одлив) од депозити во банки | 15 | (57,764) | (7,600) |
| Нето прилив (одлив) од државни записи | 16 | (42,623) | (7,808) |
| Нето прилив (одлив) од државни обврзници | 16 | (88,606) | (10,057) |
| Приливи од камати | 9 | 8,142 | 6,049 |
| Приливи од продажба на опрема | | - | 295 |
| Купена опрема | 17 | (331) | (2,058) |
| **Нето парични текови од инвестиционо работење** | | **(181,182)** | **(21,179)** |
| **Парични текови од финансиско работење** | | | |
| Исплатени награди на УО | | (1,224) | (918) |
| Исплати за финансиски лизинг | | (176) | - |
| Уплата на организационен фонд | | 6,423 | 15,838 |
| Уплата на акционерски капитал | | 138,157 | - |
| **Нето парични текови од финансиско работење** | | **143,180** | **14,920** |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | | **(8,224)** | **11,200** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **14** | **14,425** | **3,225** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **14** | **6,201** | **14,425** |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ за годината која завршува на 31.Декември**

| | Основна главнина | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број на обични акции | Износ | Резерви | Акумулирана добивка | Вкупно капитал |
| | Ден.000 | Ден.000 | Ден.000 | Ден.000 | Ден.000 |
| **Почетна состојба на 01 Јануари 2007** | **7,500** | **45,975** | **1,332** | **2,428** | **49,735** |
| Добивка за финансиската година | - | - | - | 3,471 | 3,471 |
| Распределба на добивката за резерви | - | - | 1,510 | (1,510) | - |
| Распределба на добивката за претходната година за награди на менаџментот | - | - | - | (918) | (918) |
| **Состојба на ден 31 Декември 2007** | **7,500** | **45,975** | **2,842** | **3,471** | **52,288** |
| Нова емисија на акции | 22,500 | 138,157 | - | - | 138,157 |
| Добивка за финансиската година | - | - | - | 1,848 | 1,848 |
| Распределба на добивката за резерви | - | - | 2,247 | (2,247) | - |
| Распределба на добивката за претходната година за награди на менаџментот | - | - | - | (1,224) | (1,224) |
| **Состојба на ден 31 Декември 2008** | **30,000** | **184,132** | **5,089** | **1,848** | **191,069** |